Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
04 - 346 / 14
25.06 2021 год./viti
Скопје / Shkup

# Влада на Република Северна Македонија

## - АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници, („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 14/2020), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр.11/2015 и 35/2018), директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, донесе

**ОДЛУКА**

за избор на административни службеници за унапредување во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

1. Кандидатите

   - **Валентина Переска и**
   - **Висар Села**,

   се избираат за работно место УПР0101В01000 - Советник за административна поддршка на проекти, во Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга, Сектор за проекти, поддршка на туризмот и административно – правни работи (2 извршители).

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр.03/2021.

3. Именуваните ќе биде унапредени на работно место од точка 1 по конечноста на одлуката.

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Образложение

Со Интерен оглас бр. 03/2021 за унапредување административни службеници објавен на веб страните на АППТ и Агенцијата за администрација на ден 07.06.2021 година беше огласена потребата од унапредување на 3 (три) административни службеници. За работно место УПР0101В01000 Советник за административна поддршка на проекти, во Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга, Сектор за проекти, поддршка на туризмот и административно – правни работи, при што за извршување на работите од точка 1, се спроведе постапка согласно членовите 48, 49, 50 и 51 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 14/2020), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk

пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр.11/2015 и 35/2018).

На горенаведениот Интерен оглас се пријавија двајца кандидати Валентина Переска и Висар Села кои по спроведувањето на интервјуто од страна на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, се избрани за унапредување.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот донесе одлука како во диспозитивот на оваа одлука

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на АППТ.

Директор
Љупчо Јаневски

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатите
- Архива на АППТ


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk

## Влада на Република Северна Македонија

### - АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници, („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 14/2020), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр.11/2015 и 35/2018), директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, донесе

**ОДЛУКА**

за избор на административен службеник за унапредување во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

1. Кандидатот **Љубинка Н. Протугер**, се избира за работно место УПР0101Г01000 – Самостоен референт за општи работи, во Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга, Сектор за проекти, поддршка на туризмот и административно – правни работи.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр.03/2021.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од точка 1 по конечноста на одлуката.

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

Образложение

Со Интерен оглас бр. 03/2021 за унапредување административен службеник објавен на веб страните на АППТ и Агренцијата за администрација на ден 07.06.2021 година беше огласена потребата од унапредување на 3 (три) административни службеници. За работно место УПР0101Г01000 – Самостоен референт за општи работи, во Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга, Сектор за проекти, поддршка на туризмот и административно – правни работи, при што за извршување на работите од точка 1, се спроведе постапка согласно членовите 48, 49, 50 и 51 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 14/2020), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр.11/2015 и 35/2018).


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk

На горенаведениот Интерен оглас се пријави само еден кандидат и тоа Љубинка Н. Протугер кој по спроведувањето на интервјуто од страна на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, е избран за унапредување.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот донесе одлука како во диспозитивот на оваа одлука

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на АППТ.

Директор
Љупчо Јаневски

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот
- Архива на АППТ


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk.
www.tourismmacedonia.gov.mk